

**МАСЛИНОВАТА ГОРА И ЕРУСАЛИМ**

**Ерусалим е распослан на неколку суви, вжештени и безводни ридишта со што доминира над сета околина. Многубројните цркви, други верски објекти и модерни градби му нудат контрастна слика на восхитениот посетител. Месностите Маслиновата Гора, Голготата и Гетсиманската Градина, како и цвеќињата во дворовите на богатите ерусалимци му даваат посебна убавина и привлечност, за што и странецот за овој град добива впечаток дека тој е создаден само за филмско платно или за прекрасна разгледница**

На старохебрејски јазик „Ерусалим“ значи „град на мирот“. Арапите го викаат Ал–Кудс што значи „свет град“. Евреите, христијаните и муслиманите веруваат дека Господ е еден и единствен. А да веруваш во Господ значи да посакуваш мир за себе и за другите. Маслиновата гранка е симбол на мирот. Во близината на Светиот град се наоѓа Маслиновата Гора во која Исус ја оплакувал судбината на Ерусалим.

Навистина, историјата на Ерусалим е вечна борба меѓу маслиновата гранка и мечот. Светиот град и местото каде што се преплетуваат трите големи монотеистички религии, со векови е сведок на највозвишените чувства и најниските страсти, особено, кога псалмите ќе станат дел од политичките говори.

Прогласувањето на императорот Константин за цар во 313 година значи пресвртница во историјата на Црквата. Константин, не само што се покрстил, туку христијанството го издигнал на ниво на државна религија, пред сè, зашто во него гледал обединувачка сила за своето поделено царство. Со тоа христијанството станало официјална религија во Ерусалим. Во тој период почнале да се градат манастири и цркви, а стариот дел бил обновен и претворен во модерен трговски центар, кој претставувал вистинска туристичка атракција.

Подоцна, во 634 година, калифот Омар го освоил Ерусалим и го вовел Коранот, а градот го нарекол Град на храмови. На ридот на храмовите никнале нови храмови а се градел и познатиот Храм на молитвата. Но, како што се граделе новите храмови, така се уривале и старите. Така, во 1012 година агресивниот калиф Ал–Хаким ги разурнал синагогите и црквите, по што Ерусалим станал мал град со едвај 30 илјади жители.

Со Ерусалим Арапите владееле 450 години, сè до доаѓањето на крстоносците во 1099 година, кога тие Ерусалим го претвориле во свет град. Тогаш тие ги масакрирале муслиманите и Евреите, а градот останал центар на крстоносците, добивајќи ново име Ерусалимско Царство. Во тој период крстоносците ги обновиле и познатите христијански места.

Меѓутоа, во 1250 година градот го освоил Мамелук, а Ерусалим станал мал неважен град далеку од светот со само околу 10 илјади жители. Се вратил исламот и започнале да се градат исламски свети места. Турската власт, пак, се зацврстила за времето на Селим Први кој го освоил во 1517 година. Дури пет векови подоцна, Ерусалим почнал да се менува и да јакнат европските интереси за Блискиот Исток.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**